**Република Северна Македонија**
**ОСНОВЕН СУД РЕСЕН**
**Су.бр.04-76/23**
**20.09.2023 година**
**Р е с е н**

Врз основа на чл.20, чл.21, чл.25, чл.26 од Законот за судска служба (Службен весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015,6/2016, 198/2018, 248/2018 и 235/2022), чл.2 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција на испитите, проверка на веродостојноста на докази и интервјуто, како и на начинот на нивно бодување и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работни места како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници (Сл.весник на РМ бр.236/2018) и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Ресен, Су.бр.215/15 од 25.06.2015 година, Основниот суд Ресен на ден 20.09.2023 година објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.1/2023**
**За вработување на неопределено време на следното работно место**

- шифра на работно место СУД 01 01 В03 001, Категорија В, ниво В3, **Судски соработник**, број на извршители .............1 (еден)

Заинтересираните кандидати согласно чл.21 ст.1 од Законот за судска служба, треба да ги исполнуваат следните општи услови за пополнување на работното место:
- да е државјанин на Република С.Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;

Покрај општите услови за вработување на судски службеник, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови утврдени во чл.21 ст.2 од Законот за судска служба:
- стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен правен факултет и положен правосуден испит,
- најмалку 1-една година работно искуство во струката,
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија (англиски, француски и германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Нето плата за работно место 31.754,оо денари;

Работни часови неделно 40 часа; Работно време од 07,30 до 15,30 часот; Работни денови од понеделник до петок.

Кон пријавата, кандидатите задолжително да ги приложат доказите за исполнување на општите и посебните услови за работното место на кое се пријавуваат, во оригинал или копија заверена на нотар:

-уверение /диплома за завршен степен на образование
-потврда за положен стручен испит или уверение за соодветната стручна област,(уверение за положен правосуден испит)
- доказ за работно искуство,
- уверение за државјанство (не постаро од 6 месеци)
- лекарско уверение за општата здравствена состојба (не постаро од 6 месеци)
- уверение или потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност (од судот не постаро од 6 месеци)
- диплома, сертификат или уверение како доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија (англиски, француски и германски)
- диплома, сертификат или уверение како доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Кон пријавата кандидатите можат да приложат:
-препораки од претходните работни места, кои содржат контакт податоци од лицето кое го препорачува,
-извод од историјатот на вработувања, доколку кандидатот бил претходно вработен, издаден од Агенција за вработување
- потврди за посетувани обуки, стручни сертификати од други стручни квалификации и специјализации, трудови и публикации;
- потврда за волонтерски стаж, издадена од волонтерскиот регистар на Министерството за труд и социјална политика, а потпишана од раководното лице на институцијата,
- изјави или други документи од интерес за работното место;

Напомена: Кандидатите за судски службеници во постапката за вработување преку јавен оглас, активното познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски), ќе го докажуваат со полагање испит за судски службеник - дел за проверка на знаење на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски).**Во пријавата задолжително да се наведе кој странски јазик ќе се полага за проверка на знаење.**

**Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.**

Кандидатите се пријавуваат на огласот со Пријава за вработување на судски службеник и истата можат да ја подигнат во Основен суд Ресен или да ја симнат од веб страната на судот www.osresen.mk.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.

Кандидатот кој ќе внесе неточни податоци во пријавата ќе се дисквалификува од понатамошна постапка.

Рокот за поднесување на пријавата изнесува 15 (петнаесет) дена сметано од денот на објавувањето на огласот во дневните весници (денот на објавување на огласот не се смета).

Пријавата за вработување со приложените докази се доставува во писмена форма преку приемната писарница на Основен суд Ресен или преку пошта на адреса:

ОСНОВЕН СУД РЕСЕН<br>Ул.„Таше Милошевски" бр.3, Ресен<br>(со назнака за Јавен оглас број 1/23)

Напомена: Времето и датумот на одржувањето на административната селекција, испитот и интервјуто се објавуваат на веб страната на Основен суд Ресен (www.osresen.mk).

ОСНОВЕН СУД РЕСЕН